УДК: 94:323.12(497.1:=411.16)”1945/1967”

Стефан Петрушев
stefanpetrusev12345@yahoo.com

# АНТИСЕМИТСКИТЕ ПОЈАВИ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ОПШТЕСТВО ОД 1945 ДО 1967 ГОДИНА

*Апстракт.* – Во оваа статија ќе ја разгледаме положбата на југословенските Евреи кои во возобновената југословенска држава влегле како малубројна етничка заедница. Имајќи ги предвид постулатите поврзани со антифашизмот на кои се потпирала новата југословенска држава, во кои било пропагирано „братството и единството“ нетрпеливоста и предрасудите кон Евреите во најголем дел јавно не биле видливи. Иако, специфичноста на социјалистичкиот систем ја исклучува можноста антисемитизмот да се појави на јавната сцена како форма на национална нетрпеливост, сепак во архивите постојат податоци за јавно и индивидуално изразување на предрасуди поврзани со Евреите.

*Клучни ѕборови.* – Евреи, антисемитизам, антисемитски појави, предрасуди.

По завршувањето на Втората светска војна во рамките на нова Југославија, Евреите влегле како малубројна етничка заедница. Меѓутоа, откако во периодот од 1948-1951 година во три наврати се иселувале во Израел, бројот на Евреи кои останале да живеат во Југославија претставувал само еден мал сегмент од националното шаренило на државата. Евреите, исто како и другите југословенски народи, во рамките на нова Југославија биле вклучени во општествениот, политичкиот, економскиот и културниот живот, како рамноправни граѓани. Голем дел од нив се приклучиле и во некои од организациите како Народен фронт, Антифашистички фронт на жени, Народна младина на Југославија, Сојуз на синдикати. Ги имало и во Сојузното и во републичките народни собранија како и во локалните народни одбори, во сите гранки на државната

администрација, во економијата, во науката, во литературата и уметноста и во ЈНА (Југословенска народна армија) и тоа во сразмерно голем процент според нивниот вкупен број.[1] Имајќи ги во предвид постулатите поврзани со антифашизмот на кои се потпирала новата југословенска држава, во кои било пропагирано „братството и единството" на сите граѓани без разлика на националност, религија или верска припадност им била гарантирана слободата на изразување и во национална и во религиозна смисла. Ваквата специфичност на социјалистичкиот систем ја исклучувал можноста антисемитизмот да се појави на јавната сцена како форма на национална нетрпеливост. Меѓутоа и покрај тоа под површината се забележуваат неколку случаи на антисемитски појави како на индивидуално ниво, така и во јавната комуникација.

За ова сведочи Бранко Фрицхан,[2] кога на вториот провизорен состанок на Еврејската младина, кој бил одржан на 21 октомври 1945 година во просториите на Еврејската верска општина во Скопје, го прочитал својот реферат на тема „*Наши цели и наши задачи*" во кој меѓудругото потенцирал: „*Фашизмот беше тој, кој тоа го посакуваше и го спроведе во дело. Но со силата на сите слободољубиви народи тој е уништен. Но постојат уште негови остатоци, кои се главна причина за антисемитизмот кој денес ние го среќаваме. Полесно се менува режимот од човечките поимувања. Режимот може преку ноќ да се смени, додека, поимот останува уште долго во нас... За да се остранат последните остатоци на антисемитизмот треба да се укажа на нив и да се критикува секој испад и тоа пред јавноста.*"[3]

Исто така и писмото од Алберт Вајс упатено до Павл Нојберг, претседател на Југословенскиот еврејски комитет при Светскиот еврејски

[1] Vajs, Albert. *Jevreji u novoj Jugoslaviji.* Jevrejski almanah 1954. Beograd: Savez jevrejskih opština Jugoslavije, 28-29.

[2] Бранко Фрицхан бил роден во 1924 година во Вараждин, Хрватска. Во 1941 година се приклучил во народноослободителното движење во состав на ударната група во Скопје. Бил еден од членовите на групата која во 1942 година го извршила атентатот врз злогласниот агент на бугарската Државна безбедност Мане Мачков, поради што бил уапсен и осуден на петнасесет години затворска казна. По капитулацијата на фашистичка Бугарија бил ослободен во октомври 1944 година. Бил борец на 13 македонска бригада и член на бригадниот Комитет на Сојузот на комунистичката младина на Југославија. *Записници од седниците на Македонската еврејска верска општина во Скопје (1944-1946)*. Избор, вовед, предговор и редакција: д-р Александар Манојловски. Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2017, док. бр. 65, 305.

[3] Исто, док. бр. 66, 306-307.

конгрес и југословенски член на Европскиот комитет JOINT, испратено од Нирнберг, на 11 јуни 1946 година, сведочи за сè уште присутните појави на антисемитизам на овие простори кои се забележуваат од страна на поединци кои се уште неможеле доволно да ги разберат Евреите: *„...понекогаш од нив би се слушнало дека 'Евреите останаа она што беа.' Тоа беа луѓе кои сигурно не може да бидат обвинети за никаков свесен антисемитизам или воопшто за реакционерство, но кои немаа доволно разбирање за сите суптилности на проблемот ниту пак доволно го познаваа неговото историско и развојно условување.*“[4] Според Алберт Вајс имајќи ги во предвид вековните предрасуди кои не би можеле да исчезнат толку брзо во главите на луѓето, особено кога ќе се земе во предвид широкиот замав на антисемитската пропаганда пред Втората светска војна и за време на окупацијата, антисемитските предрасуди се уште се забележувале кај поединци.[5]

И, во интервјуто што го направив со Давор Салом,[6] член, активист и претседател на Надзорниот одбор на Еврејската општина во Белград, за периодот од 1945 година до 1967 година, наведува дека бил период на *„силен апсолутизам“* и *„братството и единството“*. Меѓутоа и покрај тоа можеле да се забележат некои антисемитски текстови во некои весници или во некои коментари од страна на поединци.[7] Истото го потврдува и Самуел Садикарио,[8] член на Македонско-еврејската верска општина во Скопје, кој за периодот од 1945 до 1967 година, кажува дека антисемитизмот бил доста благ. Во главно антисемитските појави во овој период, според неговите сеќавања биле на индивидуално ниво и биле резултат на остатокот од војната.[9]

---

4 Ivanković, Mladenka. *Brodovi nade: alije jugoslovenskih Jevreja u Izrael.* Heraedu, Beograd, 2017, 66

5 Vajs, Albert. *Jevreji u novoj Jugoslaviji.* Jevrejski almanah 1954. Beograd: Savez jevrejskih opština Jugoslavije, 42.

6 Давор Салом, роден 9 февруари 1949 година, во Љубљана, Народна Република Словенија. Во период кој е предмет на истражувачки интерес бил член на Еврејската општина во Белград.

7 Аудиоинтервјуто е извршено од Стефан Петрушев на 30 април 2024 година, во Белград, Република Србија.

8 Самуел Садикарио, роден 22 април 1950 година, во Скопје, Народна Република Македонија. Во период кој е предмет на истражувачки интерес бил член на Еврејската општина во Скопје.

9 Аудиоинтервјуто е извршено од Стефан Петрушев на 29 мај 2024 година, во Скопје, Република Македонија.

Согласно моите истражувања во архивите, во првите години по војната, нотирани се неколку антисемитски појави кои се јавувале во повоена Југославија.

Во „*Младински борец: весник на Обединетиот сојуз на антифашистичка младина на Хрватска*“ бр. 16, од 19 јули 1945 година бил објавен натпис на Драгутин Шкргатиќ, преживеан од логорот Јасеновац, под наслов „*Најтрагичниот период од логорот Јасеновац*.“ Во текстот Драгутин Шкргатиќ пишува: „*тие безрбетни луѓе, тие карикатури на луѓе, тие трговци од Загреб, таа еврејска безлична, корумпирана таканаречена интелигенција – тоа ѓубре, кое и на слобода шпекулираше со човечките животи, го водеше во сите логори трагичниот главен збор.*“[10] Понатаму наведува: „*Целото тоа ѓубре на подли, доверливи личности – сите тие бандити – логорски пријатели и логорски привразаници - месарот Милан Флумиани, корумпираниот бербер Хулио Хржањак, професионалниот цепчија Милан Дангубиќ, крвавиот капиталистички евреин Шпилер, пијаницата Стив Башиќ и група на разбојници, кои за свои лични интереси биле во состојба да се занимаваат со највалкани работи-......*“.[11] Поради ваквиот натпис кој бил оценет како идентичен со антисемитскиот и усташкиот начин на пишување, Еврејската верска заедница во Загреб повикувајќи се на Законот за забрана на ширење омраза, донесен од страна на АВНОЈ, поднела тужба против уредникот на весникот и авторот на текстот.[12] Во рок од неколку дена Народниот суд во Котор ја известил Еврејската верска заедница во Загреб за расправата закажана за 25 јули 1945 година, за случајот против Шкргатиќ и другите, поради поттикнувањена национална, расна и верска омраза.[13] За овој случај пишува и Иво Голдштајн, историчар и поранешен претседател на еврејската верска заедница Бет Израел во Хрватска, кој наведува дека исходот од судењето не е познат, но дека за таквата постапка на Шкргатиќ не му се замерило, имајќи во предвид дека подоцна како еден од директорите на „Астра“, компанија за меѓународна трговија, направил завидна кариера.[14]

---

[10] Arhiv Jevrejskog istorijskog muzeja, Beograd, Fond: ŽOZ (Židovska općina Zagreb), sign. K.63-2-1/1-81 од 21јули 1945. Оргиналниот документ е на хрватски јазик. Преводот на документот е извршен од страна на авторот.

[11] Исто.

[12] Исто.

[13] Brandl, Naida M. Jews in Croatia from 1944/5 until 1952, Zagreb, Faculty of Philosophy and Social Sciences in Zagreb, 2015, 157.

[14] Драгутин Шкргатиќ како сведок на судењето на Динко Шакиќ, командант на концентрациониот логор Јасеновац, зборувал значително поинаку од она што го напишал

Во октомври 1945 година, Сојузот на еврејски вероисповедни општини реагирал на неколку усни и писмени антисемитски извештаи од страна на поединци и претставници на пониските народни власти. Имало дури и случаи кога во печатот се појавувале според нив, необјективни и навредливи натписи кон Евреите. За ваквите појави на антисемитизам, Сојузот на еврејски вероисповедни општини како главни виновници ги дефинирал остатоците од *„...фашистичко-нацистичката пропаганда и активностите на окупаторот и неговите помагачи...“*[15]

На четириесет и второто заседание на Управата на Македонско-еврејската верска општина во Скопје, одржано на 16 октомври 1945 година, членот на управата Ментеш Спорта го соопштил писмото од Сојузот на еврејски вероисповедни општини во Белград со бр.ој 1072 од 8 октомври, истата година, во кое било наведено дека на некои места во Југославија се уште се забележувале антисемитски појави. Исто така, било соопштено дека на евреинот Бенјамин Ашеровиќ, аптекарски помошник на служба во воената болница во Скопје, со писмо заведено под бр.ој 587 од 5 октомври му била нанесена навреда од страна на Боса Вуковановиќ – Чарна, која била на служба во Персоналниот отсек на V армија. Истата, на Ашеровиќ, покрај другото, му рекла: *„вие евреите во оваја војна војна ништо не сте допринеле и Хитлер имал право што така постапил со евреите.“*[16] За нанесената навреда тој поднел тужба до V армија.[17] Не е познато како завршил случајот.

Според тврдењето на социологот Ласло Шекељ, антисемитски појави биле забележани и за време на една претстава од страна на една аматерска група во Сомбор во 1946 година.[18] Исто така, антисемитски по-

---

во *„Омладински борац.“* Во изјавата што ја дал пред судот го опишал она што го преживеал во логорот, а за Евреите кажал: *„...со логорските политички противници во Јасеновац односот беше нешто поубав него спрема Евреите, Ромите и Србите...Евреите работеа по работилниците но, како и Србите, пред затворањето на логорот први беа ликвидирани, така што многу малку од нив останаа во последаната група која претежно ја сочинуваа католици.“* Goldstein, Ivo. *Antisemitizam u Hrvatskoj od srednjega vijeka do danas*. Fraktura; Židovska vjerska zajednica Bet Israel, 2022, 429-430.

15 Brandl, Naida M. *Jews in Croatia from 1944/5 until 1952*, 2015, 157.

16 *Записници од седниците на Македонската еврејска верска општина во Скопје (1944-1946)*. Избор, вовед, предговор и редакција: д-р Александар Манојловски. 2017, док. бр. 43, 210.

17 Исто, 210.

18 Székely, László. *Vreme beščašća: ogledi o vladavini nacionalizma*. Beograd: Akademija Nova, Centar za istraživanje i proizvodnju ideja; Institut za evropske studije, 1995, 74.

јави биле забележани и во еден чешки филм „*Никола Шухај.*“[19] На седницата на Еврејската вероисповедна општина во Белград, одржана на 7 декември 1947 година било соопштено дека во Белград се прикажувал филмот „*Никола Шухај*“ со изразена антисемитска содржина. На седницата исто така било соопштено дека претседателот Бенцион Леви го гледал филмот кој според него бил целосно изопачен затоа што Евреите биле претставени во еден негативен контекст во средината во која живееле иако во таа средина живееле илјадници еврејски земјоделци, овчари и занаетчии, а не само експлотатори.[20] Филмот два дена бил прикажуван во Белград, меѓутоа по интервенција кај Комитетот за кинематографија и кај Друштвото Југославија-Чехословачка, било прекинато натомошното прикажување на филмот во Белград. На дваесет и петтата седница на Извршниот одбор на Сојузот на еврејските вероисповедни општини во Југославија, одржана на 15 декември 1947 година било соопштено дека во Суботица се прикажувал филмот „*Никола Шухај*“ со изразена антисемитска содржина, по што имало реакција против филмот од страна на унгарскиот весник „*Мацар Со*“.[21] По интервенција на еврејската вероисповедна општина во Суботица заедно со останатите фронтовски организации филмот бил отстранет од прикажување.[22] Овој филм бил прикажуван и во Скопје, по што имало остра реакција од страна на весникот „*Нова Македонија*“ бр. 885, од 13 ноември 1947 година во кој бил објавен натпис на Коле Чашуле[23] под наслов „*Никола Шухај*“. Во текстот Коле Ча-

---

[19] Исто, 74.

[20] Arhiv Jevrejskog istorijskog muzeja, Beograd, Fond: Zbirka Perera, kutija broj 5. Оргиналниот документ е на српски јазик. Преводот на документот е извршен од страна на авторот.

[21] Дневен весник на унгарското национално малцинство во Република Србија. Првиот број е објавен во 1944 година.

[22] Arhiv Jevrejskog istorijskog muzeja, Beograd, Fond: Zbirka Perera, kutija broj 3. Оргиналниот документ е на српски јазик. Преводот на документот е извршен од страна на авторот.

[23] Коле Чашуле е роден на 2 март 1921 година во Прилеп. Основно училиште и нижагимназија завршил во Прилеп, а виша гимназија во Битола. Во 1938 година се запишал на студии по медицина во Белград кои ги прекинал во април 1941 година поради војната во Југославија. Во 1938 година активно се вклучил во Сојузот на кумунистичката младина на Југославија. Бил дел од партизанските единици кои на 11 октомври 1941 година ја нападнале полициската станица во Прилеп. Во 1942 година бил уапсен и осуден на смртна казна како организатор на атентатот врз висок бугарски полициски функционер во Скопје. Подоцна казната била преименувана во доживотна робија која ја издржувал во скопскиот затвор Идризово. Од затворот избегал 1944 година со што почнал со објавување на песни и раскази во партизан-

шуле пишува дека филмовите од повоената продукција воопшто не придонесувале за запознавање на народот со борбите од минатото. Најдобар пример за тоа бил чешкиот филм *„Никола Шухај“* кој бил прикажуван во кино *„Вардар“* во Скопје. Филмот бил оценет како еден лош, безидеен и порнографски филм поради некои сцени во филмот и токму затоа публиката реагирала критички и со чуство на одвратност спрема филмот.[24] Според Чашуле, и покрај тоа што уште на самиот почеток од страна на творците на филмот било изјавено дека ќе се држат до историските факти, веднаш после првите снимки без никакво објаснување за причините, националниот руски херој Никола Шухај бил прикажан како дезертер од фронтот, со што веднаш навлегле во мистификаторските води. Тој пишува дека творците на филмот го водат Никола Шухај во родното село. Пред нив била наметната задачата ропството на руските, чешките и словачките селани да го прикажат под јаремот на Австро-унгарската монархија. Се со цел да го прикажат гладот и бедата по чешките села, творците на филмот спровеле антисемитски и груби шовинистички намери. Како носители на бедата и ропството во селото биле прикажани еден Евреин кој бил намерно карикиран, еден Чех и еден Унгарец. И во едни такви околности, појаснува Чашуле, Никола Шухај се враќа во родното село и повторно без никакви објаснувања се преобразил во борец против неправдите на окупаторската власт.[25] Филмот претставувал лоша интерпретација на романот на познатиот чехословачки писател Иван Олбрахт. Со оглед на тоа дека не се знаело дали филмот е дефинитивно отсранет од прикажување во Југославија, од страна на Извршниот одбор на Сојузот на еврејските вероисповедни општини во Југославија било одлучено: да се поднесе извештај до Федералната контролна комисија, која би требало да испита кој е виновен што овој филм не бил соодветно цензуриран, да се бара филмот да се забрани на целата територија на Федеративна Народна Република Југославија и да се побара од Светскиот еврејски конгрес во Прага да интервенираат кај филмската компанија која го продуцирала филмот, за да не се прикажува во странство.[26]

---

ските весници. По војната бил основач и уредник на поголем број списанија и весници, како и управник на Македонскиот народен театар и главен уредник и директор на Радио Скопје. Починал во Скопје на 22 септември 2009 година.

[24] Коле Чашуле, Филм *„Никола Шухај“*, Нова Македонија, Год. IV, Број 885, 13.11.1947, 6.

[25] Исто.

[26] Arhiv Jevrejskog istorijskog muzeja, Beograd, Fond: Zbirka Perera, kutija broj 3.

Реакција за ширење на расна омраза кон Евреите биле упатени и до хрватското издавачко претпријатие „Зора“, по повод објавувањето на книгата „Стихови“ од полскиот поет Јулијан Тувим. Имено, во 1950 година претседателот на Президиумот на Народното собрание на ФНРЈ, Моша Пијаде, се обратил до јавниот обвинител на ФНРЈ, и *„барал итна забрана на книгата, поради тоа што песните „Бурзијанци“, „Чивуче“ и „Жидови“ биле оценети како „достојни на хитлеровскиот расизам“, што „предизвикува расна омраза против Евреите“*.[27] Се барало и да се подигне кривична тужба против: преведувачот, уредникот и одговорното лице на издавачкото претпријатие. Сепак, според податоците, одговорните поминале без последици.[28]

Меѓутоа покрај неколкуте антисемитски појави кои биле забележани на ниво на јавна комуникација исто така евидентирани се и неколку антисемитски појави на индивидуално ниво. Алберт Вајс укажува на два случаи на антисемитизам кога од страна на некои пијаници биле упатени навредливи зборови кон Евреите. И во двата случаи согласно Законот за забрана на поттикнување национална, расна и верска омраза и раздор, виновниците биле осудени на затворска казна.[29]

Во архивот на Еврејскиот музеј во Белград се забележани 12 случаи на антисемитски појави на индивидуално ниво евидентирани на територијата на Војводина и Славонија.[30] Сите евидентирани случаи биле гонети врз основа на Законот за забрана на поттикнување национална, расна и верска омраза и раздор.

Во интервјуто што го направив со Дарко Фишер,[31] член и поранешен претседател на Еврејската општина во Осиек, беше искажано следното сеќавање: *„четиринаесет/петнаесет години сме биле, на училиштe се правеше некоја статистика, некоја анкета и се прашуваше кој е Србин, кој е Хрват... Кога прашаа кој е Хрват, јас станав како Хрват, не знам зошто, а дечкото кој седеше до мене рече, ‘Фишер ти кога се покрсти?’. Тоа за мене беше назнака, аха, ти знаеш дека јас не сум, не сум Хрват, не сум христијанин, јас гледам, јас чуствувам дека ти мене ме*

---

[27] Милорадовиќ, според: Поповска, Драгица. *Канон и цензура во културната продукција 1945-1952*, Институт за национална историја, Скопје, 2022, 82.

[28] Исто, 82.

[29] Jevrejski almanah 1957 - 1958. Beograd, 131.

[30] Székely, László. *Vreme beščašća: ogledi o vladavini nacionalizma*, 1995, 74.

[31] Дарко Фишер, роден 2 јануари 1938 година, во Осиек, Народна Република Хрватска. Во период кој е предмет на истражувачки интерес бил член на Еврејската општина во Осиек.

*гледаше како различен и твојата вакква забелешка е еден непријателски став спрема мене*“.[32] Таквиот однос придонел, тој повеќе да не сака да има пријателски однос со тоа момче.[33]

Дарко Фишер, се сеќава и кога во 1954/55 година, со школските другари *„за нешто зборувавме, каде што еден политичар кој имал некакво име, словенечко име*“, за кој *„јас спомнав 'тој е Словенец, а еден друг пријател од класот рече, ма не, тој е чифут'.*[34] *Тоа мене толку многу ме повреди, што јас исто веќе не сакав со тој човек да имам никакви дискусии, никакви односи*“.[35] Во главно ваквите појави биле на индивидуално ниво *„но јас не се сеќавам да кажеме дека имало во, во весниците, во печатот, во медиумите, некои напади токму врз Евреите, и дека тоа потоа било санкционирано*“.[36]

На 12 јануари 1955 година Хорват Чомо Јован, поранашен производител на ликер во Суботица, во фирмата во која работел, поради нетолеранција кон својот колега Ѓорѓе Фишер, во една прилика, во присуство на сведоци го кажал следново: *„Штета, што Хитлер не го истребил и семето на Евреите*“.[37] Поради ваквата изјава Сремскиот суд го осудил Хорват Чомо Јован на десет месеци затворска казна.[38]

На 24 февруари 1958 година, Ласло Сарваш, замјоделец од Суботица ја навредил еврејката Маргита Ујхељи, а за нејзиниот маж Манојло Ујхељи кажал: *„нека оди во Палестина затоа што таму му е местото*“.[39] Поради поттикнување на национална нетрапеливост, врз основа на обвинителниот предлог, Сремскиот суд во Суботица го осудил Ласло Сарваш на четири години затворска казна. По жалбата на обвинетиот судот му ја намалил казната на два месеци затвор.[40]

Еден граѓанин на Мурска Собота во текот на 1959 и 1960 година, на членовите на локалната еврејска заедница им испраќал заканувачки и уценувачки писма со кукастиот крст. Поради ваквата постапка првич-

---

[32] Аудиоинтервјуто е извршено од Стефан Петрушев на 8 мај 2024 година, во Осиек, Република Хрватска.

[33] Исто.

[34] Погрден и понижувачки израз за Евреите.

[35] Аудиоинтервјуто е извршено од Стефан Петрушев на 8 мај 2024 година, во Осиек, Република Хрватска.

[36] Исто.

[37] Bilten Saveza jevrejskih opština Jugoslavije 1955, 15.

[38] Исто, 15.

[39] Bilten Saveza jevrejskih opština Jugoslavije 1958, 30.

[40] Исто, 30.

но бил осуден на 25 месеци затворска казна, а подоцна Врховниот суд на НР Словенија му ја зголемил на четири ипол години затворска казна.[41]

До значајна промена во односот на југословенската држава доаѓа по прекинот на израелско-југословенските односи во 1967 година, кој во голема мера се одразил и на еврејската заедница во Југославија. Ваквата политичка одлука влијаела на појавата на антиционизмот, како и на ширењето на антисемитизам во поинакви форми од претходните.

## ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

### НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

Arhiv Jevrejskog istorijskog muzeja, Beograd, Fond: Zbirka Perera.
Arhiv Jevrejskog istorijskog muzeja, Beograd, Fond: ŽOZ.

### ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

*Записници од седниците на Македонската еврејска верска општина во Скопје (1944-1946).* Избор, вовед, предговор и редакција: д-р Александар Манојловски. Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2017.
Bilten Saveza jevrejskih opština Jugoslavije 1955.
Bilten Saveza jevrejskih opština Jugoslavije 1958.
Jevrejski almanah 1954. Beograd: Savez jevrejskih opština Jugoslavije.
Jevrejski almanah 1957 - 1958. Beograd: Savez jevrejskih opština Jugoslavije.
Jevrejski pregled 1960.

### ЛИТЕРАТУРА

Поповска, Драгица. *Канон и цензура во културната продукција 1945-1952*, Институт за национална историја, Скопје, 2022.
Brandl, Naida M. *Jews in Croatia from 1944/5 until 1952*, Zagreb, Faculty of Philosophy and Social Sciences in Zagreb, 2015.
Goldstein, Ivo. *Antisemitizam u Hrvatskoj od srednjega vijeka do danas*, Fraktura; Židovska vjerska zajednica Bet Israel, 2022.
Ivanković, Mladenka. *Brodovi nade: alije jugoslovenskih Jevreja u Izrael.* Heraedu, Beograd, 2017.
Székely, László. *Vreme beščašća: ogledi o vladavini nacionalizma.* Beograd: Akademija Nova, Centar za istraživanje i proizvodnju ideja; Institut za evropske studije, 1995.

[41] Jevrejski pregled 1960, 27.

## ИНТЕРВЈУА

Интервју со Давор Салом (30 април 2024).
Интервју со Дарко Фишер (8 мај 2024).
Интервју со Самуел Садикарио (29 мај 2024).

## ТЕКСТОВИ ВО ВЕСНИЦИ

Коле Чашуле, Филм „Никола Шухај", Нова Македонија, Год. IV, Број 885, 13.11.1947, 6.

Stefan Petrushev
stefanpetrusev12345@yahoo.com

## THE ANTI-SEMITIC PHENOMENA IN THE YUGOSLAV SOCIETY FROM 1945 TO 1967

(summary)

According to what has been stated, we can see that after the end of the Second World War, within the framework of the new Yugoslavia, the Jews entered as a small ethnic community, which in the period from 1948 to 1951 emigrated to Israel on three occasions, so that the number of Jews who remained living in Yugoslavia represented only one small segment of the country's colorful national composition. However, just like other Yugoslav peoples, the Jews within the new Yugoslavia were included in all branches of the state administration, as equal citizens, and in a proportionally large percentage according to their total number.

Although this specificity of the socialist system precluded the possibility of anti-Semitism appearing on the public scene as a form of national inviolability, the positions placed in the Yugoslav media space testify to the still present occurrences of anti-Semitism in these spaces, which were the result of centuries-old prejudices that could not be disappear so quickly in people's minds, especially when one considers the wide sweep of anti-Semitic propaganda before World War II and during the occupation.

After the end of the Second World War, in the period from 1945 to 1967, several cases of anti-Semitic phenomena were observed both at the individual level and at the level of public communication.

In all recorded cases of anti-Semitic occurrences at the individual level, which were mainly statements based on personal intolerance, all with the aim of protecting the equality of peoples and citizens regardless of their national, racial or religious affiliation, actions were taken in accordance with the Prohibition Law of inciting national, racial and religious hatred and discord. However, despite several anti-Semitic incidents that were observed at the individual level, several anti-Semitic incidents at the level of public communication were also recorded during this period, which were based on non-objective and insulting inscriptions towards the Jews.

However, a significant change in the attitude of the Yugoslav state came after the termination of Israeli-Yugoslav relations in June 1967.